Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 15-03-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 09 | 2060/1 | | |

Арх. број/ Num. ark.: 46-2532/2
Датум/Data: 13-03-2023

ДО

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Предмет: Доставување на надлежност и постапување

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко - свест, достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх.бр.46-2532/1 од 7.3.2023г.

Генералниот секретаријат го разгледа предметното барање и Ви го доставува на надлежност и понатамошно постапување како иматели на бараната информација, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19).

Искрено,

м-р Методија Димовски

генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Прилог: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх.бр.46-2532/1 од 7.3.2023 година.

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118022
www.vlada.mk

Центар за истражување и информирање за животна средина
„Еко-свест“ Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
07-03-2023
46-2532/1

Скопје, 07.03.2023 година

До: Даниел Николов, Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
daniel.nikolov@gs.gov.mk

44-23/03ЕС
7.03.23

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, со телефонски број 02 3217 247 и е-маил contact@ekosvest.com.mk

Со законски застапник на Барателот на информацијата: Ана Чоловиќ Лешоска, ул. Васил Главинов бр. 3/7-7, 072 726 104 и е-маил ana@ekosvest.com.mk

Почитувани,

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест врз основа на својот Статут и врз основа на Архуската конвенција и член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр. 13/06), и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/2013, 44/2015) од Иметелот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Договор за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на МХЕЦ Рибничка во општина Маврово и Ростуше помеѓу Владата на Република Северна Македонија (како концедент) и Актуел Енерџи Груп (како концесионер).

2. Договор за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на МХЕЦ Жировничка 5 и МХЕЦ Жировничка 6 во општина Маврово и Ростуше помеѓу Владата на Република Северна Македонија (како концедент) и Хидроген Енерџи ДОО (како концесионер).